# СЛУЖБЕ Н Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 2**<br><br>**14.02.2023** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа „(Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 14 точка 1 став 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 13.02.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија**

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Крива Паланка, доделува финансиски сретства во износ од 100.000,00 денари , за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија **.**

Член 2

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка бр. 09– 4898/13 од 22.12.2022 – Програма АО-Совет расходно конто 412 постаојани резерви и истите ќе бидат уплатени на сметка на Фондот на солидарноста на Црвен крст на РСМ -300000001327966 даночен број : 4030984271620 АД Комерцијална банка, со назнака:„Помош за населението во Турција и Сирија „.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 938/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**13.02.2023 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на финансиски средства за помош и солидарна поддршка за погоденото население од земјотресот**

**во Турција и Сирија**

1.Се објавува Одлука за доделување на финансиски средства за помош и солидарна поддршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија ,што Советот ја донесе на 21-та седница, одржана на ден 13.02.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –938/4**
**14.02.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

До Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина во Општина Крива Паланка, доставено е барање за Одобрение за градење на индивидуална станбена куќа-А1 со катност Пр (приземје) на КП1172 в.м.„Подиште “ КО Конопница, Општина Крива Паланка, објект од Втора категорија, заведено под број уп29-355/1 од 18.05.2021 од страна на Смиле Стаменковски со адреса ул.„Св. Јоаким Осоговски“ бр.68 од Крива Паланка, Општина Крива Паланка.

Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина издаде Одобрение за градење на индивидуална станбена куќа-А1 со катност Пр (приземје) на КП1172 в.м.„Подиште “КО Конопница, Општина Крива Паланка, заведено со бр.уп29-355 од 06.08.2021 година,издадено на ден 16.08.2021 година, согласно Општ акт за с.Конопница донесен со Одлука: бр.09-2149/9 од 17.08.2015година.

Се повикуваат лицата Велин Митовски со адреса с.Конопница Општина Крива Паланка и Светле Трајановска со адреса ул.„Иван Мешторовиќ“ бр.7 од Скопје, како непосредни соседи, се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од објавата да дојдат во просториите на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина да изврши увид во предметот.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Крива Паланка

Одделение за урбанизам, сообраќај

и заштита на животна средина

**Општина Крива Паланка**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ред.бр** **страна**

1. Одлука за доделување на финансиски средства за помош и солидарна поддршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија.........................................................1

2.Заклучок за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија...................2

3.Јавна објава ..............................................................................................................3